ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11 -7901/1
Датум:11.11.2024
Скопје

Врз основа на член 22 , став 1, точка 7 и точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр.5/02), а во врска со Глава II. Проектни активности , точка 7. Одбележување на 3-ти Декември - Денот на лицата со попреченост под мотото „Сите сме исти , сподели среќа “ од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2024 година („Службен гласник на општина Карпош“ бр. 26/2023,17/2024), Општина Карпош објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за доделување на еднократна парична помош по повод 3-ти Декември - Денот на лицата со попреченост под мотото „Сите сме исти , сподели среќа “

Согласно Програмските активности на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2024 година, се објавува јавен повик за доделување на еднократна парична помош по повод 3-ти Декември - Денот на лицата со попреченост под мотото „Сите сме исти , сподели среќа “

I. Право на остварување на еднократна парична помош имаат лица со попреченост, жители на Општина Карпош

II. Потребни документи

За остварување на правото на паричен надомест потребно е да се достави соодветна документација како доказ за наведеното барање:

-лична карта ( подносителот да е жител на Општина Карпош )
-трансакциска сметка
-наод и мислење за вид и степен на попреченост во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби

III. Висина на финансиката поддршка

Висината на еднократнатата парична помош изнесува 5 000,оо денари

IV. Начин на пријавување

Комплетните документи може да се поднесат во архивата на Општина Карпош на Ул. „ Радика " бр. 9 , барака 2.

V. Повикот е временски ограничен и трае од 11.11.2024 година до 25.11.2024 година

ОПШТИНА КАРПОШ